Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: Центар за развој на медиуми - Скопје

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5626404

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Васил Главинов 3/4-2, Скопје

Застапник: Дејан Георгиевски (во името на група на граѓански организации што работат во областа на медиумите и заеднички настапуваат со оваа иницијатива)

Веб страница: www.mdc.org.mk

Електронска пошта (e-mail): dejan@mdc.org.mk

Телефонски број за контакт: 078 483 102

Лице за контакт: Дејан Георгиевски

**Предлог- иницијатива**
**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија**
**за 2021 година**

**Наслов на иницијативата: Менување на медиумското законодавство и усогласување со новите Директиви и правила на ЕУ**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија) „ВЛЕГОВМЕ ВО НАТО, МОЖЕМЕ И ВО ЕУ"

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Иницијативата има за цел да придонесе за напредокот кон ЕУ преку усогласување на националното медиумско законодавство со законодавството на ЕУ во областа на медиумите – Директивата за АВМУ, но и други директиви што регулираат прашања поврзани со работата на медиумите во новата дигитална средина.

Иницијативата има за цел да го адресира прашањето на серија одредби во постоечкото законодавство што се нецелосни, контрадикторни или застарени, како и да пополни одредени правни празнини во постоечкот законодавство.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми, Аудио-визуелни услуги**

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Во изминатите две години, Европската Унија ревидираше неколку директиви што ја регулираат работата на аудиовизуелните медиуми – **Директива за аудиовизуелни медиумски услуги** (достапна на адреса https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2018/1808/oj), или влијаат на работата на медиумите и на пристапот до квалитетни содржини – **измените на Директивата за кабелско и сателитско реемитување** (достапна на адреса https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=uriserv:OJ.L_.2019.130.01.0082.01.ENG) што се однесуваат на **прашања поврзани со емитувањето на програмски содржини преку интернет**, како и **Директивата за авторското и сродните права на дигиталниот единствен пазар** (достапна на адреса https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2019/790/oj).

Веќе подолго време е јасно дека медиумското законодавство на Република Северна Македонија содржи застарени, контрадикторни или нејасни одредби за клучни прашања. Таквите одредби ги вклучуваат поглавјата за функционирањето и работата на јавниот радиодифузен сервис, заштитата на националната културна продукција, политиката па доделување на дозволи, и други прашања. Особено значајни во таа смисла се одредбите за постапката на избор на членови во одлучувачките тела во медиумскиот систем: **Советот на АВМУ и Програмскиот совет на јавниот радиодифузен сервис Национална радио-телевизија (МРТ),** затоа што тие две тела потоа треба на себе да го превземат најголемиот дел од комплексниот **процес на реформи на медиумскиот сектор**.

**Група граѓански организации и експерти што работат во областа на медиумите**, по подолг процес на консултации, од Владата **бара да започне транспарентен и инклузивен процес за измени на медиумската легислатива.** Тој процес **треба да биде добро осмислен, да обезбеди поддршка од независни експерти, и да ги вклучи и претставниците на граѓанскиот сектор** во работата на соодветните работни групи што треба да бидат основани.

Законот за медиуми, исто така, содржи повеќе одредби кои се нецелосни или контрадикторни, а потребно му е дополнување во делот што го регулира социјално-економскиот статус на новинарите и медиумските работници.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Измените на медиумското законодавство треба да придонесат за негово усогласување со правилата и законодавството на ЕУ. Истовремено, тие треба да придонесат за отстранување на одредени недоследности, контрадикторности и пополнување на одредени правни празнини во регулирањето особено на областа на аудиовизуелните медиумски услуги.

Измените на медиумското законодавство, исто така, ќе придонесат за натамошните активности за реформирање и трансформација на медиумскиот сектор во Република Северна Македонија и функционирање на вистински слободни, демократски, плуралистички и независни медиуми.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Не може да се каже во овој момент.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Потпис на застапникот

23.09.2020 година

Центар за развој на медиуми •Скопје•
Ц.Р.М